РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДИЗБОРЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Скопје, 17.02.2014 година

Законот за изменување и дополнување на изборниот законик (Сл. Весник на РМ бр. 14 од 24.01.2014 година) во член 2 став 4, уредува обврска за Министерство за финансии да поднесе предизборен финансиски извештај, во кој треба да се даде преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот на РМ по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесувањето на извештајот (две недели по распишување на изборите).

Согласно Буџетот на РМ за 2014 година донесен во декември 2013 година, вкупните приходи се планирани на ниво од 158,243 милијарди денари, а планираното ниво на вкупни расходи е 176,514 милијарди денари.

Во периодот од почетокот на фискалната година до **14ти февруари 2014 година**, вкупните остварени приходи на Буџетот на РМ изнесуваат **15,081 милијарди денари**.

Во рамки на вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија, 13,322 милијарди денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, односно 88% од вкупните приходи. Неданочните приходи се реализирани во износ од 1,302 милијарда денари, или на истите отпаѓаат 9% од вкупните приходи. Капиталните приходи се остварени во износ од 160 милиони денари, а останатите приходи (донации и приходи од отплата на заеми) изнесуваат 297 милиони денари, или заедно учествуваат со 3% од вкупните приходи.

Во структурата на даночни приходи најголемо учество имаат приходите наплатени од домашните даноци на стоки и услуги кои се остварени во износ од 5,590 милијарди денари. Во рамки на истите, по основ на ДДВ се остварени 3,958 милијарди денари, додека по основ на акциза 1,632 милијарда денари. Придонесите за социјално осигурување, како изворен приход на Фондот за пензиски и инвалидско осигурување, Агенцијата за вработување на РМ и Фондот за здравствено осигурување, се остварени во износ од 5,346 милијарди денари. Даноците од доход, добивка и капитални добивки изнесуваат 1,692 милијарда денари, данокот од меѓународна трговија и трансакции (царини) е остварен во

износ од 458 милиони денари, додека од останатите даночни приходи (такси на користење и дозволи за вршење на дејности) во овој период од годината се наплатени 236 милиони денари.
Неданочните приходи на Буџетот на РМ заклучно со 14$^{ти}$ февруари 2014 година се остварени во износ од 1,302 милијарда денари, во кои најголемо учество имаат приходите од такси и надоместоци со реализиран износ од 573 милиони денари (во најголем дел такси во високото образование во износ од 503 милиони денари). Во рамки на неданочните приходи остварени се приходи од судски и административни такси во износ од 169 милиони денари и приходи од глоби во износ од 87 милиони денари. По основ на приходи од други владини услуги (приходи од издавање на лични документи, надоместоци за дозволи и лиценци и друго) остварен е износ од 265 милиони денари, други неданочни приходи остварени се во износ од 168 милиони денари, а приход од имот (камата на депозити и др.) во износ од 40 милиони денари.
Капиталните приходи во анализираниот период се остварени во износ од 160 милиони денари (продажба на капитални средства во износ од 20 милиони денари и продажба на земјиште и нематеријални вложувања во износ од 140 милиони денари).

Во периодот јануари – 14$^{ти}$ февруари 2014 година, вкупните реализирани расходи на Буџетот на РМ се на ниво од 23,784 милијарди денари.
Со ваквата реализација се обезбеди нормално функционирање на сите институции корисници на средствата од Буџетот и навремено сервисирање и исплата на сите законски обврски.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 3,456 милијарди денари, со што навремено се исплатени декемвриската и јануарската плата за вработените во буџетските корисници. Од позицијата за постојана резерва реализирани се средства во износ од 31 милион денари за надомест на штети од елементарни непогоди согласно член 11, став 2 од Закон за буџетите.

За набавка на стоки и услуги во анализираниот период се реализирани вкупно 4,008 милијарди денари, со кои буџетските корисници навремено ги исплаќаа своите обврски кон добавувачите. Најголемо учество во вкупните стоки и услуги имаат договорните услуги во износ од 2,848 милијарди денари. Во рамки на договорните услуги 2,382 милијарди денари се исплатени за здравствена заштита на населението. Овие средства се реализирани преку Фондот за здравствено осигурување, кој како купувач на услуги исплатите ги врши за извршени услуги како од јавните здравствени институции, така и од приватни установи кои се дел од здравствената мрежа со кои Фондот има склучено договор. Во рамки на вкупните расходи за стоки и услуги реализирани се и расходи за комунални услуги во износ од 488 милиони денари, расходи за материјали и ситен инвентар во износ од 271 милиони денари, за поправки и тековно одржување во износ од 187 милиони денари, за други тековни расходи (провизии, членарини и сл.) во износ од 124 милиони денари, а за патни и дневни расходи 82 милиони денари.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа од Буџетот на Република Македонија преку категоријата тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа се реализираат блок и наменски дотации и дотацијата од ДДВ на месечна основа. Во овој период реализирани се 2,301 милијарди денари, и тоа по основ на дотациите од ДДВ реализирани се 144 милиони денари, а за блок и наменски дотации реализирани се 2,157 милијарди денари.

Согласно амортизационите планови во овој период од годината доспеани и исплатени се 726 милиони денари за каматни плаќања по основ на користени кредити и издадени државни хартии од вредност. Во овој дел каматните плаќања кон нерезидентните кредитори се извршени во износ од 574 милиони денари, а за каматните плаќања кон резидентните кредитори исплатени се 152 милиони денари.

Субвенциите и трансферите се реализирани во вкупен износ од 2,594 милијарди денари. Во оваа категорија најголемо учество имаат субвенциите во

земјоделството исплатени од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од 1,963 милијарда денари, согласно донесената Програма и завршените контроли на терен. Истовремено преку Министерството за труд и социјална политика навремено се вршеа исплати за субвенциите за народни кујни, заштитни организации и енергетска сиромаштија за кои се реализирани 145 милиони денари. Министерството за образование и наука реализираше расходи за ученички и студентски домови, стипендии и школарини во земјата и странство во износ од 120 милиони денари.

Социјалните бенефиции од почетокот на годината до 14.02.2014, се исплатени во износ од 8,596 милијарди денари. Во овие рамки најзначајни средства се реализирани преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и тоа 6,914 милијарди денари се наменети за навремена исплата на две месечни пензии за 291.821 пензионери, а за транзициски трошоци до приватните пензиски фондови реализирани се 550 милиони денари. Трошоците за социјална помош реализирани се во износ од 717 милиони денари. За остварување на правото за паричен надоместок во случај на невработеност преку Агенцијата за вработување на РМ реализирани се 193 милиони денари, а за трошоци за боледување и породилно отсуство преку Фондот за здравствено осигурување реализирани се 222 милиони денари.

Капиталните расходи на Буџетот на РМ заклучно со 14ти февруари реализирани се во износ од 2,046 милијарди денари, со кои се исплатени обврските на буџетските корисници согласно склучените договори. Најголемо учество во категоријата капитални расходи имаат расходите за градежни објекти кои се реализирани во износ од 989 милиони денари. Од овој износ 240 милиони денари се исплатени за извршени работи на Коридорот 10, а останатите се однесуваат за расходи за изградба и реконструкција на школи, здравствени установи, спортски објекти, водоводи и канализации и др. Во рамки на капиталните расходи трошоците за купување на возила реализирани се во износ од 449 милиони денари, кои се однесуваат на исплата на рата за повеќегодишна набавка на автобуси за јавен

превоз во износ од 320 милиони денари и набавка на амбулантни возила во износ од 120 милиони денари. Во ставката 489 капитални субвенции за претпријатија и невладини организации реализирани се капиталните субвенции на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од 194 милиони денари согласно Програмата за рурален развој.

Реализацијата на приходите и расходите на Буџетот на РМ е согласно планираната динамика, и истата непречено се одвива согласно ликвидноста на Буџетот.

Предизборен финансиски извештај за остварени приходи и извршени расходи на Буџет на РМ за периодот 01.01-14.02.2014 година

| | | опис | Буџет на РМ | реализација |
|---|---|---|---|---|
| | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 15,062,000,000 | 1,691,698,444 |
| | 712 | Придонеси за социјално осигурување | 45,152,800,000 | 5,346,308,186 |
| | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 64,824,000,000 | 5,590,385,329 |
| | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 4,086,000,000 | 457,831,249 |
| | 716 | Еднократни посебни такси | 0 | 1,443,145 |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | 0 | 787,430 |
| | 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 4,734,300,000 | 233,322,636 |
| **71** | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **133,859,100,000** | **13,321,776,419** |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 457,000,000 | 39,747,385 |
| | 722 | Судски, административни такси и глоби | 2,354,631,000 | 255,853,679 |
| | 723 | Такси и надоместоци | 4,231,619,000 | 573,305,694 |
| | 724 | Други владини услуги | 2,883,745,000 | 264,868,858 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 3,796,118,000 | 168,770,430 |
| **72** | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **13,723,113,000** | **1,302,546,046** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 410,000,000 | 19,760,822 |
| | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 3,626,600,000 | 139,533,377 |
| | 734 | Приходи од дивиденди | 2,503,005,000 | 399,876 |
| **73** | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **6,539,605,000** | **159,694,075** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 430,137,000 | 16,964,526 |
| | 742 | Донации од странство | 3,080,108,750 | 181,644,535 |
| | 743 | Капитални донации | 1,160,000 | 0 |
| | 744 | Тековни донации | 9,220,000 | 0 |
| **74** | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **3,520,625,750** | **198,609,061** |
| | 781 | Приходи од наплатени дадени заеми | 600,000,000 | 98,719,350 |
| **78** | | **ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** | **600,000,000** | **98,719,350** |
| **Вкупно приходи на Буџет на РМ** | | | **158,242,443,750** | **15,081,344,951** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 401 | Основни плати | 16,971,080,000 | 2,475,044,833 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 6,639,884,000 | 971,121,507 |
| | 404 | Надоместоци | 70,922,000 | 10,112,846 |
| **40** | | **Плати и надоместоци** | **23,681,886,000** | **3,456,279,186** |
| | 412 | Постојана резерва | 50,000,000 | 31,146,951 |
| | 413 | Тековни резерви | 50,000,000 | 25,964,891 |
| **41** | | **Резерви и недефинирани расходи** | **100,000,000** | **57,111,842** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 759,012,000 | 81,729,895 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4,417,103,000 | 488,280,174 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 3,663,076,000 | 270,791,311 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 1,519,736,000 | 186,722,885 |
| | 425 | Договорни услуги | 26,411,744,000 | 2,847,623,426 |
| | 426 | Други тековни расходи | 1,811,289,000 | 124,072,431 |
| | 427 | Привремени вработувања | 87,164,000 | 8,578,679 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **38,669,124,000** | **4,007,798,801** |
| | 441 | Дотации од ДДВ | 1,733,000,000 | 144,416,666 |
| | 442 | Наменски дотации | 295,916,000 | 49,268,350 |
| | 443 | Блок дотации | 13,975,960,000 | 2,107,538,669 |
| **44** | | **Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | **16,004,876,000** | **2,301,223,685** |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | 2,547,500,000 | 573,998,078 |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 1,829,700,000 | 151,972,483 |
| | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 25,500,000 | 0 |
| **45** | | **Каматни плаќања** | **4,402,700,000** | **725,970,561** |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 245,000,000 | 34,260,562 |
| | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 167,000,000 | 0 |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 288,257,000 | 6,344,048 |
| | 464 | Разни трансфери | 11,824,405,000 | 2,479,524,551 |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | 207,850,000 | 73,627,545 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **12,732,512,000** | **2,593,756,706** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 5,940,846,000 | 716,502,348 |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 48,222,700,000 | 7,464,025,503 |
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | 2,282,132,000 | 192,939,249 |
| | 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 2,100,000,000 | 222,266,231 |
| **47** | | **Социјални бенефиции** | **58,545,678,000** | **8,595,733,331** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 3,683,693,000 | 199,677,048 |
| | 481 | Градежни објекти | 2,015,798,000 | 122,869,254 |
| | 482 | Други градежни објекти | 9,430,654,000 | 866,411,606 |
| | 483 | Купување на мебел | 133,258,000 | 41,356,150 |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | 980,650,000 | 11,402,015 |
| | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 1,190,721,000 | 13,381,533 |
| | 486 | Купување на возила | 641,647,000 | 449,102,823 |
| | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 1,205,385,000 | 148,040,007 |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 3,095,280,000 | 193,686,756 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **22,377,086,000** | **2,045,927,192** |
| **Вкупно расходи на Буџет на РМ** | | | **176,513,862,000** | **23,783,801,304** |